Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar: | 16-10-2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 44 | 7314 | 2 | |

**Архивски број:** 20-8438/2

**Датум:** 15-10-2019

**До:** Влада на Република Северна Македонија

Генерален Секретаријат

Сектор за анализа на политиките и координација - Одделение за соработка со НВО

**Предмет:** Мислење

**Врска:** Ваш допис број: 44-7314/1 од 25 септември 2019 година

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис заведен под горенаведниот број и датум, Министерството за финансии, Ве известува за следното:

Во Вашиот допис е доставена Предлог-иницијатива на Здружението за промовирање на електрични возила ЕЛЕКТРОМОБИЛНОСТ Скопје, со која се бара воведување на повластена даночна стапка при увоз на електрични и хибридни возила односно дополнување на член 30, став 1) од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/99..198/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија“ 98/19 и 124/19) со нова точка 19) електрични возила и тоа електрични автомобили, електрични камиони, електрични автобуси, електрични мопеди, електрични велосипеди, електрични тротинети, електрични возила за инвалидизирани лица.

По однос на ова би сакале да известиме дека со членовите 28, 29, и 30 од Законот за данокот на додадена вредност се уредуваат даночните стапки за


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 300
www.finance.gov.mk

цели на данокот на додадена вредност, при што е пропишана општа даночна стапка од 18% и повластена даночна стапка од 5%.

Во членот 30 од Законот за данокот за додадена вредност се содржани добрата и услугите за кои се применува повластената даночна стапка од 5% за увоз и промет.

Евентуалното намалување на стапката на данокот на додадена вредност од 18% на 5% за увоз и промет на електрични и хибридни возила е во спротивност на Анексот III од Директивата со која се регулира данокот на додадена вредност на Европската Унија, што негативно ќе се одрази во извештајот од Европската Унија за Република Северна Македонија како земја кандидат за членство во Европската Унија, во делот на поглавјето кое се однесува на Оданочувањето.

Дополнително укажуваме дека евентуалното намалување на стапката на данокот на додадена вредност од 18% на 5% за електрични и хибридни возила, би ја нарушил неутралноста на овој данок, ќе ги поттикнува и други субјекти постојано да иницираат и бараат проширување на листата на добра и услуги кои би се оданочувале со повластена даночна стапка, со што едновремено заради задоволување на буџетските приходи ќе се врши притисок на зголемување на висината на општата даночна стапка на ДДВ.

Имајќи го предвид горенаведено евентуално предлагање на ваква мерка за намалување на стапката на данокот на додадена вредност од 18% на 5% за увоз и промет на електрични и хибридни возила е неприфатливо.

Дополнително би сакале да известиме дека е изготвен нов посебен Предлог на Закон за данок на моторни возила имајќи предвид дека со новиот Закон за акцизите („Службен весник на Република Македонија„ бр.32/01.....120/18) патничките автомобили не се предмет на оданочување, односно досегашната акциза на патнички автомобили ќе се регулира со нов Закон за данок на моторни возила во кој ќе се уреди оданочувањето на моторните возила.

Имено во Предлогот на Законот за данок на моторни возила кој беше објавен на електронскиот портал ЕНЕР во членот 6 е пропишано дека патничките возила кои се движат само со електричен погонски мотор, од тарифната ознака 8703 80; мотоциклите и скутерите само со електричен


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 300
www.finance.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

мотор за погон од тарифната ознака 8711 60; како и трициклите и четирициклите само со електричен мотор за погон независно од нивната тарифна ознака во Номенклатурата на Царинската тарифа нема да бидат предмет на оданочување со данок на моторни возила.

Со почит,

Министер за финансии
д-р Нина Ангеловска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ IV СКОПЈЕ

Изработил: Дејан Николовски
Русе Коцевски
Елена Стојмановска Тортевска
Даниела Дамјаноска
Кристина Чалоска Устијаноска
Проверил: Душка Костовска Јаковческа
Сузана Стојмироска


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 300
www.finance.gov.mk